УНИВЕРЗИТЕТ
**„Св. Климент Охридски“- Битола**

# Совет на докторски студии

Советот на докторски студии при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ согласно член 48 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, организира

ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА
на студентите на трет циклус студии за презентација на докторски проекти

Се повикуваат студентите на трет циклус на студии од сите единици на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола кои имаат обврска за изработка на независен истражувачки проект (докторски проект) и добивање на позитивна оценка за истиот, да ги поднесат своите докторски проекти за презентација на Годишната конференција на студентите на трет циклус студии за презентација на докторски проекти.

Годишната конференција на студентите на трет циклус студии за презентација на докторски проекти во 2021 ќе се организира како посебна сесија на научната конференција „Улогата на високото образование во развојот на општеството“ која ја организира Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

**Место на одржување: Охрид, Хотел Метропол / Белви**
**Датум на одржување: 25.09.2021 (Сабота)**

Пријавување на докторскиот проект: Студените го изработуваат својот докторски проект во соработка со своите ментори и го пријавуваат своето учество со испраќање на својот докторски проект во обем не помалку од **десет А4 страни** (единечен проред, фонт Times New Roman 12 и маргини 2,5 cm од сите страни), вклучувајќи и слики, табели, графикони итн. **заклучно со 12 Септември 2021.**

Јазик на изработка на докторскиот проект: Македонски или јазикот на кој се изведува студиската програма (доколку се изведува на друг јазик).

Испраќање на докторскиот проект: Докторските проекти се испраќаат како **pdf** документи по е-пошта на адреса doktorski.proekti@uklo.edu.mk. На насловната страна од проектот треба да стои називот на универзитетот, називот на единицата, називот на студиската програма, насловот на докторскиот проект, име и број на индекс на кандидатот и име на менторот.

Објавување на докторскиот проект: Сите докторски проекти ќе бидат објавени на веб страната на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола најдоцна до 15 Септември 2021 со распоред и час на нивна презентација.

Презентација на докторскиот проект: Студентите во присуство на своите ментори треба усно да го презентираат својот докторски проект со презентација во траење од **максимум 15 минути** и потоа се предвидени 15 минути за прашања и дискусија во која може да се вклучи и менторот на кандидатот.

Оценување на докторскиот проект: Докторскиот проект го оценува како успешно одбранет комисија од два члена – наставници именувани од единицата на која студира кандидатот. Во комисијата не може да учествува менторот.

Котизација: За учество на годишната конференција за презентација на докторски проекти не се плаќа котизација. Трошоците за пат, евентуално сместување, храна и сл. ги сносат самите кандидати.

На студентите кои ќе презентираат на годишната конференција ќе им биде издаден сертификат за учество од Советот на докторски студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола.

Битола, 31.05.2021

Претседател на Совет на докторски студии,
Проф. д-р Игор Неделковски